# Службен гласник
## на Општина Кавадарци

| Број 36 | 14.05.2019 година |
|---|---|

СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлуката за кофинансирање на проектот„Изградба на СКЕЈТ ПАРК со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски Плански Регион„ | |
| Одлуката за кофинансирање на проектот„Изградба на СКЕЈТ ПАРК со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски Плански Регион„; | |
| Решение за објавување на Одлуката за одредување на приоритетен проект„Подобрување на инфраструктурата и енергетска ефикасност во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци„; | |
| Одлуката за одредување на приоритетен проект„Подобрување на инфраструктурата и енергетска ефикасност во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци„ | |
| Решение за објавување на Одлуката за ко-финансирање при аплицирање по Проект„ Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци; | |
| Одлуката за ко-финансирање при аплицирање по Проект„ Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци | |
| | |
| Решение за објавување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на граганите на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на | |

| | |
|---|---|
| енергетско ефикасни грејни тела; | |
| Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела; | |
| Решение за објавување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година со Заклучок; | |
| Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година со Заклучок; | |
| Заклучок по Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година; | |
| Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен Извештај за постапување со отпад по Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Заклучокот за усвојување на Годишен Извештај за постапување со отпад по Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2019 година; | |
| Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2019 година; | |
| Решение за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарциза 2019 година; | |
| Програмата за изменување и дополнување на Програмата за располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарциза 2019 година; | |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.19/19 поведен пред Основен суд Кавадарци; | |
| Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.19/19 поведен пред Основен суд Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлуката за примање на донација на материјално добро – Ревизија на Дополнување на Основен проект за Главен колектор за отпадни води на Град Кавадарци до пречистителна станица – измени во тек на градба, од Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје | |
| Одлуката за примање на донација на материјално добро – Ревизија на Дополнување на Основен проект за Главен колектор за отпадни води на Град Кавадарци до пречистителна станица – измени во тек на градба, од Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје; | |
| Решение за објавување на Одлуката за примање на донација на материјално добра изразени како изведување и реконструкција на | |

| | |
|---|---|
| фонтани; | |
| Одлуката за примање на донација на материјално добра изразени како изведување и реконструкција на фонтани; | |
| Решение за објавување на Одлуката за примање на донација на материјално добра изразени како дрвени столици; | |
| Одлуката за примање на донација на материјално добра изразени како дрвени столици; | |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства со арх.бр.02-126/4 од 19.03.2019 година, донесена на седница на Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци; | |
| Одлуката за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства со арх.бр.02-126/4 од 19.03.2019 година, донесена на седница на Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци | |
| Решение за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Кавадарци за 2019 година; | |
| Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Кавадарци за 2019 година | |
| Решение за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат; | |
| Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат; | |
| Решение за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект; | |
| Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект; | |
| | |
| Решение за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| | |

| | |
|---|---|
| Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлуката за примање на донација-Основни Проекти со техничка документација од КОНТИ ХИДРО ПЛАСТ и предавање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци; | |
| Одлуката за примање на донација-Основни Проекти со техничка документација од КОНТИ ХИДРО ПЛАСТ и предавање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлуката за престанување на важење на Одлуките за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП„Јасмин„ Кавадарци; | |
| Одлуката за престанување на важење на Одлуките за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП„Јасмин„ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање; | |
| Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање | |
| Решение за објавување на Одлуката за примање на донација-материјални добра изразени како изведување и реконструкција на фонатани; | |
| Одлуката за примање на донација-материјални добра изразени како изведување и реконструкција на фонатани; | |
| Решение за објавување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за Јавно Приватно партнерство за реконструкција на комплексот Ла Луна со воведување на нови СПА содржини, угостителски дел, игротека и други содржини во форма на отворен-покриен објект; | |
| Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за Јавно Приватно партнерство за реконструкција на комплексот Ла Луна со воведување на нови СПА содржини, угостителски дел, игротека и други содржини во форма на отворен-покриен објект; | |
| Решение за објавување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција на Градски базен и уредување со реквизити за спорт и рекреација на вода; | |
| Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција на Градски базен и уредување со реквизити за спорт и рекреација на вода; | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката**
**за кофинансирање на проектот„Изградба на СКЕЈТ ПАРК со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски Плански Регион„**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за кофинансирање на проектот„Изградба на СКЕЈТ ПАРК со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски Плански Регион„ донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

| | |
|---|---|
| **Бр.09-2588/1** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **14.05.2019 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **М-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Службен Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05. 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на Проектот „ Изградба на скејт парк со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски плански регион”**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат парични средства за учество на Општина Кавадарци-Локална Самоуправа во проектот „ Изградба на скејт парк со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски плански регион ”.

**Член 2**

Вкупната проценета вредност на Проектот „ Изградба на скејт парк со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски плански регион ”, изнесува 8.942.902 денари со вклучен ДДВ. Средствата во износ од 6.677.178 денари, ќе се обезбедат од Министерството за Локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој, а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 2. 265. 724 денари .

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината во висина во висина од 2. 265. 724 денари , ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2384/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.05.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката**
**за одредување на приоритетен проект„Подобрување на инфраструктурата и енергетска ефикасност**
**во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци„**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одредување на приоритетен проект„Подобрување на инфраструктурата и енергетска ефикасност во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци„ донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Службен Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05. 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одредување на приоритетен проект**
**“Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ„ Ѓорче Петров”**

**Член 1**

Се одредува проектот “Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ Ѓорче Петров”„ како приоритетен проект на Општина Кавадарци за аплицирање по јавниот повик на канцеларијата на Обединети Нации за проектни услуги (УНОПС)-проект:Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија-ЦФП 03-2019.

**Член 2**

Проектот опфаќа подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ Ѓорче Петров преку промена на кровната конструкција, поставување на енергетска термо фасада и други мерки за подобрување на енергетската ефикасност.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе бидат обезбедени преку Канцеларијата на Обедните нации проектот во Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија-ЦФП 03-2019.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2384/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.05.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката**
**за ко-финансирање при аплицирање по Проект„ Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност**
**во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за ко-финансирање при аплицирање по Проект„ Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Службен Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05. 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за ко-финансирање при аплицирање по Проект**
**“Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност**
**во СО ЗШУ„ Ѓорче Петров” Кавадарци**

**Член 1**

Општина Кавадарци Локална самоуправа учествува со сопствени средства при аплицирање на проектот “Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ „Ѓорче Петров”Кавадарци .

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот е 4.950.000 денари (90 000 USD), учеството на општината е во износ од 300.000 денари. Проектот опфаќа подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ„ Ѓорче Петров„Кавадарци преку промена на кровната конструкција, поставување на енергетска термо фасада и други мерки за подобрување на енергетската ефикасност.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот ќе бидат обезбедени преку Канцеларијата на Обедните нации-Проект за Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија-ЦФП 03-2019, а ќе бидат потребни за покривање на банкарски провизии, и непредвидени работи кои што донаторот не ги предвидува во јавниот повик.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2384/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.05.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на граганите на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела**

1.СЕ ОБЈАВУВА Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на граганите на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), Програмата за развој на Општина Кавадарци, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен Гласник на Општина Кавадаци,, бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА КУПУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ГРЕЈНИ ТЕЛА

**Член 1**

1) Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за распределба и користење на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Кавадарци, со намена за надоместување на дел од трошоците направени при купување на енергетско ефикасни грејни тела-печки на пелети или инвертер клими.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци согласно овој Правилник имаат физички лица кои се жители на Општина Кавадарци, кои ги исполуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

**Член 2**

(1) Износот на субвенцијата за купување на енергетско ефикасни грејни тела за тековната година се утврдува со Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни за секоја тековна година, донесена од Совет на општина Кавадарци.

(2) Финансиските средства за субвенционирање на граѓаните за купување на енергетско ефикасни грејни тела се обезбедени од Буџетот на општина Кавадарци.

(3) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до целосно искористување на средствата определни во Одлуката од став 1.

## II.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

(1) За реализирање на Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела од член 2 , се објавува Јавен Повик.
(2) Јавниот повик се објавува на WEB страната на општина Кавадарци, огласната табла во општина Кавадарци и во електронски медиуми.
(3) Рокот за објавување на јавниот повик е по стапување во сила на Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за тековната година.
(4) Јавниот повик ќе трае до датумот предвиден во Јавниот Повик.
(5) Јавниот повик ќе се реализира по принципот „Јавно извлекување“.

## III.ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 4**

Право на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела на подрачјето на општина Кавадарци имаат лицата кои :

-имаат купено и вградено во своите домови енергетско ефикасни грејни тела- печки на пелети или инвертер клими по денот на објавувањето на Јавниот Повик до завршување на Јавниот Повик, што се докажува со документација од член 7 на овој Правилник.

-го немаат искористено правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за од општината или од било кој друг извор во Република Македонија за таа намена, што се докажува со документација од член 7 на овој Правилник.

**Член 5**

Барањето за остварување на правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела на подрачјето на општина Кавадарци го поднесуваат заедно со потребната документација преку Архивата на општина Кавадарци до Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Кавадарци за енергетско ефикасни грејни тела.

**Член 6**

Едно домаќинство може да поднесе само едно барање за остварување на правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела на подрачјето на општина Кавадарци.

**Член 7**

Подносителот за остварување на право на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела на подрачјето на општина Кавадарци е должен да ја поднесе следната документација:

- Барање за остварување на правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за тековната година на подрачјето на општина Кавадарци ;
- Доказ дека е жител на општина Кавадарци што се докажува со фотокопија од важечка лична карта;
- Доказ дека е извршено купување на енергетско ефикасно грејно тело, и тоа со оргинал фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавување на Јавниот Повик;
- Изјава дека го нема искористено правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела од општината или од било кој друг извор во Република Македонија за таа намена;
- Копија од трансакциска сметка на подносителот на барањето.

**Член 8**

За спроведување на транспарентна постапка при добивање субвенција за купување на енергетско-ефикасно грејни тела во домаќинствата во Општина Кавадарци, доделувањето на средствата ќе се одвива на следниот начин:

1. Општина Кавадарци со цел стимулирање на користењето на енергетско ефикасни грејни тела, ќе распише Јавен Повик.

2. За времетраење на огласот, најмалку два пати ќе има известување за јавноста за времетраењето на повикот.

3. По завршување на Јавниот Повик, најкасно по 10 дена, ќе се одржи јавно извлекување на подносителите. За времето и местото на извлекувањето Општина Кавадарци ќе даде соопштение на својата веб страна. Секој барател кој има доставено барање за субвенционирање на дел од трошоците има право доколку сака да присуствува на јавното извлекување.

4. За спроведување на активностите за реализација на Јавниот Повик, Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе формира три комисии кои ќе бидат составени од три члена и нивни заменици:

- Комисија за имплементација на мерките за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела,

- Комисија за проверка на мерките за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела

- Комисија за следење на регуларноста на јавното извлекување за вториот јавен повик од мерките за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела.

Комисиите по пристигнувањето на сите барања за субвенционирање доставени за времетраењето на јавниот оглас, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања.

5. Извлекувањето од точка 3 на овој дел од Правилникот ќе се одвива на следниот начин:

- извлекувањето ќе биде снимено и за истото Општина Кавадарци ќе има видеозапис и секој заинтересиран барател има право да побара увид во видеозаписот од извлекувањето за што треба да достави писмено барање до Општина Кавадарци.

- ковертите во присуство на сите членови на комисиите ќе се стават во посебен сад.

- лицето кое го врши извлекувањето, секој извлечен коверт го предава на една од Комисиите.

- претседателот на секоја одделна комисија го соопштува името на барателот, по што комисијата пристапува кон проверка на документите доставени од страна на барателот и соопштува дали барањето е во согласност односно не е во согласност со условите и барањата од овој Правилник.

- за времетрање на извлекувањето ќе се составува листа која ќе содржи податоци за извлечениот барател, за износот на надоместокот и за персоналниот данок на добивка.

- во оној момент кога ќе се извлечат барателите чиј збир на износот на надоместоци и на износот на персоналниот данок ги ангажира средствата наменети за оваа намена, ќе заврши извлекувањето на барателите кои имаат комплетна и уредна документација.

**Член 9**

Општина Кавадарци за утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиски средства од членот 1 на овој Правилник, Градоначалникот на општина Кавадарци формира Комисија за проверка на терен, составена од 3 члена од редот на вработените во администрацијата на општина Кавадарци.

**Член 10**

По завршувањето на увидот на лице место/терен и Извештај од Комисијата од член 9 на овој Правилник, ќе се изготви финална листа на

баратели кои го остваруваат правото на субвенционирање на дел од средствата која ке биде објавена на WEB страната на Општина Кавадарци најдоцна 15 (петнаесет) дена по завршување на Јавното извлекување, по што со Решение од страна на Градоначалникот ќе следи исплатата на средствата.

**Член 11**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година Бр.08-5282/38 од 27.09.2018 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.21/2018).

**Член 12**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2384/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.05.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година со Заклучок**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година со Заклучок, донесени на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Службен Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година

### Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кавадарци го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за набавка на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година.

### Член 2

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување на енергетско ефикасни грејни тела по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на грејното тело, но не повеќе од 15.000,00 денари по лице, без вклучен персонален данок на доход.

### Член 3

Финансиските средства во вкупен износ од 1.000.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година.

### Член 4

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела се определени со посебен Правилник.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-2384/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
13.05.2019 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци" бр.8/05), расправајки по Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1. Во насока на намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух во Општина Кавадарци, со првиот ребаланс на Буџетот на Општина Кавадарци кој ке следува во тековната година, да се зголеми износот на средства за субвенционирање на граѓаните за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-2384/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
13.05.2019 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок**
**за усвојување на Годишен Извештај за постапување со отпад по Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Годишен Извештај за постапување со отпад по Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), расправајки по Годишниот Извештај за постапување со отпад по Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на**
**Годишен Извештај за постапување со отпад по Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за постапување со отпад по Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2384/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.05.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на

Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2019 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2019 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 19 став 1 точка 2 од Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/2010, 51/12,147/13, 163/13,51/15, 146/15, 192/15/), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на општина Кавадарци" бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за управување со отпад на територија на Општина Кавадарци за 2019 година

ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОБИРАЊЕ , ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА ДОМАШНИОТ И ИНДУСТРИСКИОТ ОТПАД ОД ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2019 ГОДИНА

Управувањето со отпадот е дејност од Јавен интерес, која што се врши во согласност со одредбите и прописите донесени врз основа на Законот за управување со отпад, Законот за животна средина, Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема и Законот за општа управна постапка.

Приоритет со управување со отпадот е создавачите на отпадот да го произведуваат истиот во што помали количини и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Отпадот, според техничко - технолошките можности треба да биде преработен или ако не може да се преработи да биде отстранет во најблиските места определени за таа намена.

Управувањето со отпадот на територијата на Општина Кавадарци се регулира со План и Програма за управување со отпад.

Оваа Програма има за цел со нејзиното реализирање да се овозможи целосно собирање, транспортирање и депонирање на куќниот и индустриски смет од Општината, да биде навремено, поекономично и поквалитетно. Со оваа Програма се прикажуваат работите и работните задачи по реони со дефинирана динамика и начин на собирање на сметот и сето тоа во склад со законските прописи.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2019 ГОДИНА

Динамиката на изнесување на сметот во соодветни садови се врши согласно овој план, заради обезбедување на организиран пристап во собирањето, транспортирањето и депонирањето до соодветната депонија на куќниот и индустриски отпад. Со овој план се овозможува целосна контрола врз работата како во извршување на задачите по квалитет така и за навремено реализирање на планот.

Во овој документ се опфатени дневни задачи кои по обем ги определуваат границите на еден реон.

Реонот е основна организациона и оперативна единица во која се карактеризирани обемот, динамиката и времето на дејствување. При дефинирање на реоните е сметано истите да преставуваат една целина со определена динамика на изнесување на сметот . Планот за изнесување на сметот на подрачјето на градот Кавадарци е направен во 11 реони.

Изнесувањето ќе се врши два пати неделно, индустриска зона еднаш неделно по потреба и почесто.

За да се исполни оваа Програма во следната табела имаме прикажано колкав број на возила се потребни :

Возила кои се користат за износ на смет се:

| Р. Бр. | Тип на возило | Вкупен број |
|---|---|---|
| 1 | Автоѓубраркa 5 м3 | 1 |
| 2 | Автоѓубраркa 16 м3 | 1 |
| 3 | Автоѓубраркa 6 м3 | 1 |
| 4 | Автоѓубраркa 8м3 | 1 |
| 5 | Автоѓубраркa 12 м3 | 2 |
| 6 | Самоподигач 5 м3 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Трактор | 2 |
| 8 | Булдужер Chantai | 1 |
| 9 | Фиат ДОБЛО | 1 |
| 10 | Моторче АПН | 1 |

**Оперативен план за износ на смет по реони**

РЕОН 1 Понеделник и Четврток

| Ѓубарка 12 м2 |
|---|

| Ред. Бр. | Улица | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Словенска | | 66 |
| 2 | Козара | | 19 |
| 3 | Ѓуро Салај | | 112 |
| 4 | Нас. Страшо Пинџур | | 119 |
| 5 | 4-ти Јули | | 26 |
| 6 | Егејска | | 53 |
| 7 | Енгелсова | | 14 |
| 8 | Солунска Глава | | 41 |
| 9 | Љубашка | | 59 |
| 10 | Пелистерска | | 11 |
| 11 | Народна Младина | | 70 |
| 12 | Цар Самоил | 4 | 10 |
| 13 | Западен Булевар кај Клас | | |
| 14 | Цветан Димов Паркинг | | |
| 15 | Населба Страшо Пинџур | | |

РЕОН VI Вторник и Петок

| Ѓубарка 12 м2 |
|---|

| Ред. Бр. | Улица | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Киро Крстев | | 131 |
| 2 | Ило Костов | | 62 |
| 3 | Иво Лола Рибар | | 13 |
| 4 | Киро Спанџов | | 130 |
| 5 | Браќа Џунови | | 154 |
| 6 | Рајна Соколова | | 29 |
| 7 | Борис Кидрич | | 24 |
| 8 | Крсте Мисирков | | 19 |
| 9 | Браќа Миладинови | | 20 |
| 10 | Методи Џунов Џикот | | 92 |
| 11 | 8-ми Септември | 2 | |
| 12 | Нас. Бел Камен | 9 | 56 |
| 13 | ВКУПНО: | | |

РЕОН 1I Понеделник и Четврток

| Ѓубрарка 8 м2 |
|---|

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Ресавска | | 58 |
| 2 | Добри Даскалов | | 38 |
| 3 | Тиквешка | | 9 |
| 4 | Диме Поп Атанасов | | 24 |
| 5 | Браќа Досеви | | 41 |
| 6 | Вано Гунев | | 29 |
| 7 | Марксова | | 22 |
| 8 | Ѓорче Петров | | 9 |
| 9 | Јован Планински | | 44 |
| 10 | Васил Главинов | | 22 |
| 11 | Галишка | | 33 |
| 12 | Никола Карев | | 27 |
| 13 | Блажо Тодоровски | | `5 |
| 14 | Ѓорѓи Димитров | | 19 |
| 15 | Бабуна | | 13 |
| 16 | Иван Мазев | | 9 |
| 17 | Плачковица | | 11 |
| 18 | 9-та Бригада | | 64 |
| 19 | Диме Туриманџов | | 24 |
| 20 | Црноречка | | 49 |
| 21 | Кузман Јосифовски | | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22 | 41-ва Девизија | | 37 |
| 23 | К.Митрев | | |
| 24 | Карпош | | |
| 25 | Витачево | | |
| 26 | СП Маркет | 5 | |
| | ВКУПНО | | |

РЕОН IV Вторник и Петок

Ѓубрарка 8 м2

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Пане Џунов | | 33 |
| 2 | Игралиште Ваташа | | |
| 3 | 12 Другари | | 55 |
| 4 | Данко Дафков | | 43 |
| 5 | Перо Видев | | 13 |
| 6 | Диме Чекоров | | 43 |
| 7 | Страшо Пинџур дел | | 87 |
| 8 | 4-ти Мај дел | | 15 |
| 9 | Блажо Ицев | | 15 |
| 10 | Ристо Џондев | | 31 |
| 11 | Ванчо Николевски | | 6 |
| 12 | Даскал Камче | | 14 |
| 13 | Боро Ваташки | | `33 |
| 14 | В.Х.Јорданов | | 13 |
| 15 | Пане Мешков | | 12 |
| 16 | Ќиро Арсов | | 33 |
| 17 | Герасим Матаков | | 16 |
| 18 | Вано Гурев | | 14 |
| 19 | Ферчо Поп Ѓорѓиев | | 15 |
| 20 | Илчо Димов | | 16 |
| 21 | Ромска населба излез од Ваташа | | 10 |
| 22 | Брана Моклиште и Манастир | 3 | |
| 23 | Воденицата | 1 | |
| 24 | Силекс Паркинг | 3 | |
| | ВКУПНО | | |

РЕОН III Понеделник и Четврток

| Ѓубрарка 12 м2 |
|---|

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Пиринска | | 82 |
| 2 | Ѓоре Брушански | | 68 |
| 3 | 4-ти Мај | | 40 |
| 4 | Задругарска | | 37 |
| 5 | 16-ти Јуни | | 77 |
| 6 | Февруарски Поход | | 6 |
| 7 | 14-ти Мај | | 44 |
| 8 | Неретва | | 14 |
| 9 | Полошка | | 24 |
| 10 | 11-та Бригада | | 34 |
| 11 | Трибор | | 47 |
| 12 | Желковец | | 21 |
| 13 | Бегнишка | | 10 |
| 14 | Праведничка | | 28 |
| 15 | Моклишка | | 8 |
| 16 | Фуштани | | 21 |
| 17 | | | |
| | ВКУПНО | | |

РЕОН V Вторник и Петок

| Ѓубрарка 12 м2 |
|---|

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Силекс згради-Игралиште | | 70 |
| 2 | Слога | | 19 |
| 3 | Брушанска | | 44 |
| 4 | Стив Наумов | | 6 |
| 5 | Калница | | 55 |
| 6 | Клинска | | 40 |
| 7 | Лазо Асијата | | 47 |
| 8 | Шакалица | | 24 |
| 9 | Методија Џ.Џикот дел | | 92 |
| 10 | Бошко Буха | | 12 |
| 11 | Димче Мирчев | | 26 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Паркинг Силекс | 3 | |
| 13 | ВКУПНО | | |

РЕОН VII+РЕОН IX Понеделник и Четврток

| Ѓубрарка 5 м3 |
|---|

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Божо Димов | | 49 |
| 2 | Мирче Ацев | | 20 |
| 3 | Партизанска дел | | 60 |
| 4 | Лазо Калешков | | 23 |
| 5 | Кочо Рацин | | 138 |
| 6 | Видео Смилевски | | 19 |
| 7 | Лазо Калешков | | 40 |
| 8 | Смаилица | | 31 |
| 9 | 25-ти Мај | | 28 |
| 10 | Ѓуро Ѓаковиќ | | 29 |
| 11 | Достоевски | | 16 |
| 12 | Његош | | 7 |
| 13 | Коле Неделковски | | 20 |
| 14 | 27-ми Март | | 80 |
| 15 | Вера Циривири | | 19 |
| 16 | Сава Ковачевиќ | | 19 |
| 17 | Александрија | | |
| | ВКУПНО | | |

РЕОН VIII Вторник и петок

| Ѓубрарка 6 м3 |
|---|

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Домовица | | 13 |
| 2 | Ленинова | | 52 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Кирил и Методиј | | 18 |
| 4 | Иво Андриќ | | 24 |
| 5 | Бошавска | | 11 |
| 6 | Нов Белград | | 16 |
| 7 | Сремски Фронт | | 25 |
| 8 | Наќо Лазовски | | 15 |
| 9 | Диме Поцев | | 38 |
| 10 | Личка | | 14 |
| 11 | Домовица | | 13 |
| 12 | Владимир Назор | | 30 |
| 13 | Бигла | | 17 |
| 14 | Глигор Прличев | | 44 |
| 15 | Рајко Жинзифов | | 31 |
| 16 | Лазо Стојанов | | |
| 17 | К.Каракулева | | |
| 18 | Фруса Чедимирова | | |
| 19 | М. Димова | | |
| 20 | Киро Спанџов-дел | | |
| | ВКУПНО | | |

РЕОН XI Понеделник и Четврток

| Ѓубрарка 8 м3 |
|---|

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Нас.Страшо Пинџур | | |
| 2 | Игман | | 172 |
| 3 | Косовска | | 15 |
| 4 | Втора Бригада | | 8 |
| 5 | Вишешница | | 12 |
| 6 | Скопска | | 19 |
| 7 | Даме Груев | | 25 |
| 8 | 22-ри Декември | | 22 |
| 9 | Дешка Тошева | | 21 |
| 10 | Пере Тошев | | 29 |
| 11 | Брегалничка | | 9 |
| 12 | 9-ти Мај | | 13 |
| 13 | Ѓорѓи Сугаре | | 22 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Сутјеска | | 30 |
| 15 | Единство | | 17 |
| 16 | Ваташка | | 20 |
| 17 | Радњанска | | 19 |
| 18 | Уни Палас | 1 | |
| 19 | Б.Крстиќ | | 14 |
| 20 | Борис Кидриќ | | 35 |
| 21 | Горски Венец | | 10 |
| 22 | Пелагонија | | 16 |
| 23 | Раштани | | 14 |
| 24 | Питу Гули | | 12 |
| 25 | Партизанска-дел од Музичко до Максим Горки | | 15 |
| 26 | Охридска | | 14 |
| 27 | Орце Николов до Бул.Македонија | | 45 |
| 28 | Ѓоре Брушански - дел | | 30 |
| | ВКУПНО | | |

РЕОН XII Вторник и Петок

| Ѓубрарка 8 м3 |
|---|

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Тоде Мајсторчев | | 19 |
| 2 | Радњанска | | 27 |
| 3 | Ваташка | | 16 |
| 4 | Единство | | 17 |
| 5 | Народни херои | | 19 |
| 6 | Преспа | | 39 |
| 7 | Авала | | 35 |
| 8 | Ѓорѓи Соколов - дел | | 36 |
| 9 | Орце Николов | | 76 |
| 10 | Марена | 20 | |
| 11 | Вардарска | | 46 |
| 12 | Доне Попов | | 88 |
| 13 | | | |
| 14 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | | | |
| | ВКУПНО | | |

РЕОН X (ИНДУСТРИСКА ЗОНА) Среда

Ѓубрарка 16м3

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Ваташа-Силекс | 4 | |
| 2 | Таска | 3 | |
| 3 | О.У.Тошо Велков Пепето | 3 | |
| 4 | З.Ш.У.Ц Ѓорче Петров | 2 | |
| 5 | Шишка | 13 | |
| 6 | Интернат | 2 | |
| 7 | Е.М.У.Ц Киро Спанџов Брко | 2 | |
| 8 | Сони | 1 | |
| 9 | Печатница | 3 | |
| 10 | ЈП Македонски шуми | 2 | |
| 11 | Школо-Глишиќ | 2 | |
| 12 | Авторемонт | 6 | |
| 13 | Метал Инвест | 1 | |
| 14 | Сокара | 1 | |
| 15 | Гиче Екстра | 1 | |
| 16 | Деспина | 1 | |
| 17 | Мепос | 1 | |
| 18 | Да-Ки Конфекција | 2 | |
| 19 | Флот Стакло | 1 | |
| 20 | Велком Трејд | 2 | |
| 21 | Поп-Мак Пилана | 1 | |
| 22 | Бошист | 1 | |
| 23 | Алијанс | 5 | |
| 24 | Илино Пром | 1 | |
| 25 | Слога | 1 | |
| 26 | Јанаки Комерц | 2 | |
| 27 | Пе-Пе-Ка | 2 | |
| 28 | Бен.пумпа Макпетрол | 2 | |
| 29 | Феро | 1 | |
| 30 | Бен.пумпа Гала | 2 | |
| 31 | Бошава | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 32 | Кав-Комерц | 2 | |
| 33 | Ми-Комерц | 2 | |
| 34 | Ѕено | 1 | |
| 35 | Илинденска | 11 | |
| | ВКУПНО | 88 | |

РЕОН X Среда

| Ѓубрарка 12м3 |
|---|

| Ред. Бр. | Локација | Број на контејнер | Број на домаќинства |
|---|---|---|---|
| 1 | Автоперална Турши | 1 | |
| 2 | Дистрибуција | 1 | |
| 3 | ЈП Комуналец | 2 | |
| 4 | Ником | 1 | |
| 5 | Амбалажа Кабран | 1 | |
| 6 | Перо Милков | 1 | |
| 7 | Тиквеш-круг | 5 | |
| 8 | Ривел | 1 | |
| 9 | Бензинска пумпа Макпетрол | 2 | |
| 10 | Спортска сала Јасмин | 2 | |
| 11 | Градба | 2 | |
| 12 | Тиквеш-Управна зграда | 2 | |
**36.** „ Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УБ 10К "Опитно поле 2" за една градежна парцела бр. 49, односно за КП бр. 10502/1 КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци„

Површина на опфат - 232м2

Граница на опфат– на север - КП бр. 10500 КО Кавадарци 2

- на исток - КП бр. 10501 КО Кавадарци 2
- на запад - КП бр. 10503 КО Кавадарци 2
- на југ – КП бр.10502/2, КП бр.10506 и КП бр.10507/3 КО Кавадарци 2- улица „4".

Намена на површини – **А.1- домување во станбени куќи;**

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2384/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.05.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци" бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15 и бр.31/16), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат

### Член 1

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ке се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање арх.бр. 15-484** на барателот **Атанас Соколов,** од **с.Возарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**–станбен објект – зграда бр.1 изграден на КП бр.1273 м.в. „Село" во КО Возарци.**

2. **Барање арх.бр. 15-852** на барателот **Виолета Трајковска,** од **с.Возарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**–станбен објект – зграда бр.2 изграден на КП бр.1124 м.в. „Село" во КО Возарци.**

3. **Барање арх.бр. 15-853** на барателот **Виолета Трајковска,** од **с.Возарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**–станбен и помошен објект – зграда бр.1 и зграда бр.3 изграден на КП бр.1124 м.в. „Село" во КО Возарци.**

4. **Барање арх.бр. 15-79** на барателот **Талка Трајкова,** од **Кавадарци ул.Егејска бр.28**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**–викенд куќа– зграда бр.1 изграден на КП бр.2240/2 м.в. „Село Мајдан" во КО Рожден.**

5. **Барање арх.бр. 15-588** на барателот **Васко Најдов,** од **Кавадарци ул.Смаилица бр.41**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**–викенд куќа– зграда бр.2 изграден на КП бр.1077 м.в. „Коњска Глава" во КО Конопиште.**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2384/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.05.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) , член 59 став 12 од Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за ослободување од плаќање надоместок**
**за утврдување на правен статус на бесправен објект**

**Член 1**

Општина Кавадарци Локална Самоуправа се ослободува од обврската за плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект – објекти за образование и наука - во мв„Михајлово„ означен како број на зграда 1, влез 01, кат: сутерен,приземје , К1,поткровје, намена на зграда/посебен дел од зграда В1-7 /деловен простор /, со локација во мв„Михајлово„ на КПбр.967 КО Конопиште, со внатрешна површина деловен простор од 614м$^2$ , во износ од 799.714,00денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2384/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.05.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), а во врска со член 2 точка 4 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ„ бр.130/09....168/18), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата**
**за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

Член 1

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци бр.07-2369/10 од 23.05.2012 година, бр.07-4865/11 од 30.10.2013 година, бр.07-302/2 од 31.01.2014, бр.07-873/5 од 28.02.2014 година, бр.07-2695/5 од 17.06.2014 година, 07-4432/29 од 30.09.2014 година, 08-3227/13 од 09.07.2015 година, 08-3411/5 од 08.07.2016 година, 31.08.2016 година,08--5890/26 од 28.12.2017 година, 08-195/5 од 31.01.2017 година, 08-690/11 од 28.02.2017 година ,бр. 08-4875/18 од 20.12.2017 година,бр.08-272/3 од 30.01.2018 година, бр. 08-1647/10 од 08.04.2019 година, се врши следното дополнување :

**Во глава** ПРЕГЛЕД НА ЛОКАЦИИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА:

I. Во точка 11

-Сити лајт после точка 14 се додава нова точка 15 која гласи:

„ На спојот на ул„Бул„Цветан Димов„ со ул„Бул„Македонија„

-1 локација, димензии 2м х 1м„„

II. После точка 14 **СЕ ДОДАВА** нова точка 15 која гласи:

„**Паркиралишта за велосипеди**“ на следните локации:

1. Ул. Дисанска бб (пред влез на градски стадион). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 6 м$^2$.
2. Ул. Дисанска бб (до влез на градски парк). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 6 м2.
3. Ул. Димката А. Габерот бб (кејна ЛудаМара кај Мерлин). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 3 м$^2$.
4. Бул. Вељко Влаховиќ бб (паркинг од десна страна на црква). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 4,5 м$^2$.
5. Ул. 8$^{ми}$ Септември бб (пред влез на градски стадион Јасмин од северна страна). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 6 м$^2$.
6. Ул. Вишешница бб (пред влез на градски стадион Јасмин од јужна страна). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 6 м2.
7. Ул. Западен Булевар бб (пред влез на градски гробишта кај капела). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 6 м$^2$.
8. Ул. Охридска бб (пред влез на Автобуска станица од јужна страна). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 3 м$^2$.
9. Ул. Охридска бб (паркингкај КАМ маркет). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 4,5 м$^2$.

10. Ул. Илинденска бб (пред влез на Поштата од западна страна). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 1 локација, на површина до 4,5 $м^2$.
11. Плош. Маршал Тито бб (од источна страна на објектот до жардињера и ид северна страна до жардињера). Типска опрема Паркиралишта за велосипеди – 2 локации, на површина до 4,5 $м^2$ + 4,5 $м^2$.

Член 2

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2384/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.05.2019 година** **Претседател,**

К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/2002 ), а во врска со член 80 член 80-а и член 81 од Законот за градење (Службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 64/18 и 168/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со оваа одлука се утврдува потреба за поставување на урбана опрема и се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Кавадарци.

(2) Потребата за поставување на урбана опрема, во смисла на оваа одлука, се смета за утврдена во следните случаи на:
· исполнетост на условите, начинот и постапката утврдени во оваа одлука и
· доколку поставување е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон во поглед на вршењето на дејност надвор од деловниот простор.

### Член 2

(1) Поставување на урбана опрема се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

(2)Одобрение за поставување на урбана опрема се издава за поставување комунална урбана опрема, монтажно-демонтажна урбана опрема, рекламно-информативна урбана опрема икомерцијано-угостителска урбана опрема.

(3) Одобрението од став1 на овој член го издава градоначалникот на Општината.

**Член 3**

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобренијата не може да ја издаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

**Член 4**

(1) Издаденото одобрение за поставување на урбана опрема не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

(2) Општина Кавадарци го задржуваат правото при реализација на планови и програми на Општината на имателот на одобрението за поставување на урбана опрема, да му наложи дислокација на урбаната опрема или во целост да го одземе одобрението.

**Член 5**

(1) Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:
- Дневно за време од 24 часа и краткотрајно за период до 30 дена за монтажно-демонтажна урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, презентации, изложби и др;
- Сезонско, за период од 3 до 7 месеци за трговија на мало и угостителство.
- Годишно, за период до 1 година, за комерцијално угостителска урбана опрема, трговија, градилиште и др.

(2) По истекот на периодот на важност на одобрението за поставување на урбана опрема, истото не се продолжува.

## II. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

**Член 6**

(1) Постапка за добивање на одобрение
(2) за поставување на урбана опрема може да покрене секое физичко или правно лице што има намера да постави урбана опрема на јавна површина (во натамошниот текст: заинтересиран субјект), со поднесување барање (утврден формулар).

(2) Во случај кога се работи за 2 (две) или повеќе исти барања поднесени истовремено за истата локација (предвидени во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци) за поставување на монтажно демонтажни типски објекти – киосци, рекламни паноа, билборди и ситилајтови Општината ќе спроведе јавна објава за истата локација.

(3) Заинтересираниот субјект со барањето изјавува дека е согласен личните податоци наведени во барањето да се користат за потребите на Општина Кавадарци за спроведување на постапката како и дека е согласен сите известувања при спроведување на постапката да се вршат со испраќање на документи преку електронски средства наведени во барањето.

(4) Заинтересираниот субјект во барањето го наведува времетраењето за кое бара добивање на одобрение за поставување на урбана опрема.

(5) Заинтересираниот субјект може да поднесе ново барање за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема 15 дена пред истекот на времетраењето на постојнотоодобрение.

**Член 7**

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до градоначалникот на Општината, во согласност со член 2 на оваaодлука ..

**Член 8**

(1) Заинтересираниот субјект
собарањетоза поставување на комунална урбана опрема, монтажно-демонтажна урбана опрема и рекламно-информативна урбана опрема, задолжително доставува:
1. Извод од соодветен регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект, не постар од 6 месеци.
2. Елаборат за поставување на урбана опрема со следната содржина:
- назив и седиште на заинтересираниот субјект;
- регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорна проектантска куќа и одговорниот проектант;
- доказ дека се исполнети минимално техничките услови за вршење на дејноста;
- технички опис;
- извод од ДУП за предметниот локалитет или микро-локациски услови во размер 1:1000;
- детални цртежи со опис на постојната состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура

(ситуација 1:500 или 1:200);
- детални цртежи со опис на новата состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200, основи 1:200 или 1:100, пресеци 1:100 или 1:50 и детали 1:50 или 1:25);
- детален цртеж со опис на површината предвидена за користење (1:100 или 1:50);
- детали на урбаната опрема што ќе се лоцираат на површината на која се бара да се врши дејност во размер (1:20 или 1:10)

(2) Елаборатите од став (1) од овој член се доставуваат во три примероци, од кои по завршената постапка два се враќа назаинтересираниот субјект.

## Член 9

(1) Сите детални цртежи од член 8 на оваа одлука треба да содржат приказ на регулациона линија, линија на градежна парцела, градежна линија и границите на катастарските парцели, приказ на постојните објекти кои се наоѓаат околу бараната површина, заедно со нивните влезови, излозите и други фасадни отвори, рампи и скали, како и велосипедските патеки, дрвјата, дрворедите, уличното осветлување, рекламните паноа, клупите, корпите за отпадоци, столбчињата, ПП апарати, хидрантите, електричните разводни табли и другите комунални уреди, односно објекти на комунална инфраструктура.

(2) Деталните цртежи со опис на новата состојба треба да ги содржат границите на површината на која се бара да се постави урбаната опрема и слободната проодна површина, како и пристапот за интервентни возила (пожарна, брза помош, полиција).

(3) Сите елементи прикажани на деталните цртежи мора да бидат котирани и прецизно исцртани.

## Член 10

(1) Постапката по барањето за поставување урбана опрема ја спроведува надлежен сектор во администрацијата на Општина Кавадарци.

(2) Доколку барањето со доставената документација за поставување на урбана опрема е некомплетно или неуредно, надлежниот сектор во администрацијата на Општина Кавадарци, го известува заинтересираниот субјект за истото и му определува рок од 5 дена во кој треба да го комплетира или уреди во целост. Доколку заинтересираниот субјект не постапи по известувањето во предвидениот рок, барањето се одбива со решение.

(3) Доколку од барањето со доставената документација за поставување на урбана опрема произлегува дека истото не е во согласност со

одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон и посебните стандарди за поставување на времени објекти
и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци утврдени со
актите на Општината, како и со одредбите на оваа одлука, надлежниот сектор во администрацијата на Општина Кавадарци, го известува заинтересираниот субјект за истото и му определува рок од 5 дена во кој треба барањето да го комплетира или уреди во целост. Доколку заинтересираниот субјект не постапи по известувањето во предвидениот рок, барањето се одбива со решение.

**Член 11**

(1) Доколку барањето со доставената документација е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди за поставување на времени објекти
и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци утврдени со
актите на Општината и со одредбите на оваа одлука, надлежниот сектор во администрацијата на Општина Кавадарци, ја утврдува висината на комуналната такса, согласно Законот за комуналните такси и до заинтересираниот субјект доставува пресметка.

(2) Пресметката од став 1 на овој член се изготвува во рок од 5 дена од
денот на приемот на комплетираното барање и се известува заинтересираниот субјект дека е потребно истото да го плати во рок од 5 дена од денот на приемот.

(3) Доколку заинтересираниот субјект не сака да го прими решението, не ја плати комуналната такса или делумно ја плати комуналната такса во рокот од став 2 на овој член, ќе се смета дека го повлекол своето барање за добивање одобрение за поставување на урбана опрема и барањето ќе се одбие со решение.

**Член 12**

(1) По регулирањето на плаќањето на комуналната такса од член 11 на оваа одлука, градоначалникот издава одобрение за поставување на урбана опрема
во рок од 5 дена, согласно Правилникот за формата и содржината на Одобрението за поставување на времени објекти и на одобрението за поставување на урбана опрема (Сл. Весник на РМ бр. 36/2010) и заинтересираниот субјект се известува дека е потребно да го подигне одобрението за поставување на урбана опрема.

(2) Доколку заинтересираниот субјект не го подигне одобрението за поставување на урбана опрема во рок од 3 дена, истото му се доставува по пошта.

**Член 13**

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е издадено доколку:
- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување, утврдено со акти на надлежни инспекции издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања, и тоа од:
-овластен градежен инспектор на Општина Кавадарци;
- комунален инспектор на Општина Кавадарци, во рамките на нивните законски овластувања,и
- други органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.
- при реализација на планови и програми, како и други надлежности на Општина Кавадарци ако имаат потреба од тоа, согласно член 4 став 2 на оваа одлука.

## III. НАДЗОР

### Член 14

(1) Надзор над примената на оваа одлука вршат надлежните сектори на Општина Кавадарци.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа одлука вршат овластените градежни инспектори на Општина Кавадарци и комунални инспектори на Општина Кавадарци, во рамките на нивните законски овластувања, како и другите органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

(1) Правните лица, трговците поединци и физичките лица што имаат поставено урбана опрема, се должни да го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од 30 дена од денот на нејзиното влегување во сила.

(2) Доколку лицата од став (1) на овој член не го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рокот определен со став (1) на овој член, должни се површината што ја користеле веднаш да ја ослободат од поставената урбана опрема, а во спротивно истата ќе биде отстранета на нивен трошок.

(3) Постапките започнати пред влегување во сила на оваа одлука за кои не е издаденоодобрение за поставување на урбана опремаили ќе продолжат согласно одредбите на оваа одлука.

**Член 16**

При спроведувањето на оваа одлука соодветно ќе се почитуваат и применуваат одредбите за надзор и прекршочни санкции од законите означени во основот на оваа одлука.

**Член 17**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбанаопрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана орпема бр. 07-6062/11 ("Службен гласник на Општина Кавадарци" број 28/10).

**Член 18**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2384/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.05.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/2002 г), а во врска со член 80 член 80-а и член 81 од Законот за градење (Службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16,64/18 и 168/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
# за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Времените објекти и урбаната опрема може да се поставува согласно одредбите на законите, прописите донесени врз основа на закон, стандардите во оваа одлука и условите, начинот и постапката утврдени со посебни прописи.

**Член 3**

(1) Поимите времени објекти и урбана опрема се употребени во оваа одлука со значење определено во Законот за градење (“Службен весник на РМ” бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16,64/18и 168/18), и тоа:

- **Времен објект** е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времен објект се поставува заради вршење на: сообраќајни дејности (привремени паркинзи и приодни патеки), продажба на храна, туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности (платформи за спортски, културни,

туристички и забавни настани, придружни објекти во функција на спортски настани и летни дискотеки) и објекти кои се во функција на граничните премини.

- **Под урбана опрема**, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци;

(2) Јавни површини се простори дефинирани во урбанистичките планови и означени со регулациони линии, на кои се изградени инвестициони и други инфраструктурни објекти во општа употреба, како и воздушниот простор над нив.
(3) Како јавни површини, во смисла на оваа одлука, се сметаат и неизградени површини чија намена е за општа употреба, до реализација на нивната намена утврдена со урбанистичките планови.
(4) Слободна проодна површина е дел од јавната површина наменет исклучиво за движење на пешаци, на кој не смее да се поставуваат времени објекти и урбана опрема.

**Член 4**

(1) Одредбите на оваа одлука се применуваат при поставување на времени објекти и урбана опрема на јавна површина, како и во случаи кога урбаната опрема е поставена на објекти или земјиште во сопственост, а при вршење на дејност се користи јавна површина како манипулативен простор (шалтерски или друг вид на давање на услуги надвор од регулационата линија), како и кога ова земјиште се користи во јавна употреба.

(2) Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на утврдените градежни парцели согласно детален урбанистички план каде организацијата на просторот се врши согласно планската и проектната документација (просторите на пазари, саеми, автобуски и железнички станици, трговски центри, индустриски и други јавни објекти).

## II. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И УРБАНА ОПРЕМА

**Член 5**

(1) Со поставување на времени објекти и урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

(2) Времените објекти и урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смеат да го намалат естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

**Член 6**

Поставување на времени објекти и урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

**Член 7**

Површината што служи за употреба на времените објекти и урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

**Член 8**

(1) При поставување на времени објекти и урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

(2) При поставување на времени објекти и урбана опрема, не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

(3) При поставување на времени објекти и урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

**Член 9**

(1) Минималната широчина на јавната површина на која може да се постават времени објекти и урбана опрема, изнесува 3,2м, а за поставување на монтажно - демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4,5м, додека за елементи за изложување на производи – витрини, полици за производи, фрижидериминималната широчина изнесува 2,0 м (ул. Илинденска 3,0 м)

(2) При поставувањето на времените објекти и урбаната опрема мора да се запазат следните стандари: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекпамни направи и др.) односно 1,5м до 2,5м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди), или 1,4 м до 2,4 м за (елементи за изложување на производи – витрини, полици за производи, фрижидери).

(3) Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3,2 м над слободната проодна површина.

**Член 10**

(1) Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.

(2) Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

**Член 11**

(1) При поставување на времени објекти и урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м, а во централното градско подрачје 2,5 м, додека за елементи за изложување на производи – витрини, полици за производи, фрижидери, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,4 м, а во централното градско подрачје (ул. Илинденска) 2,5 м.

(2) Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл. ) но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м.

(3) Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, согласно став (1) на овој член, се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

**Член 12**

(1) Поставување на времени објекти и урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците, која изнесува минимум 8,0м од пресечната точка на двете регулациони линии.




(2) Доколку пешачката површина е поголема од 5,0м во радиусот на свртувањето

дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

**Член 13**

При поставување на времени објекти и урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата;
- примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на времените објекти и урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови - со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.;
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба (член 4, став 1 од оваа одлука), согласно закон.

**Член 14**

(1) При поставувањето на времените објекти и урбаната опрема, покрај стандардите утврдени со оваа одлука, мора да се почитуват специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

(2) Доколку површината за која се бара поставување на времени објекти и урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

**Член 15**

(1) Времените објекти се поставуваат согласно Програма и истите може да бидат со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

(2) При поставување на времени објекти и урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на времените објекти и урбаната опрема.

(3) Рекламните паноа; мотажно-демонтажните типски објекти за продажбана весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производии, цвеќе и автобуски стојалишта се поставуваат согласно Програма и истите може да бидат со различни димензии кои се утврдени во Програмата.

(4) Времените објекти и урбаната опрема може да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 4,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач, само како заштита на објектот, со кота на приземје не повисока од 15см.

## III. ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И УРБАНА ОПРЕМА

### *Привремени паркинзи и приодни патеки*

**Член 16**

Привремени паркинзи и приодни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваатживотната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80 м).

### *Платформи*

**Член 17**

(1) Платформите кои служат за организирање на спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

(2) Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

(3) Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

### *Сплавови - платформи за јавни настани на вода*

**Член 18**

Сплавови се површини поставени на вода поврзани со копно со максимална дозволена повшина до 100 м$^2$. Се поставуваат сезонски и се користат како летна тераса или краткотрајно за одредени манифестации.

### *Информативни паноа*

**Член 19**

(1) Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на градот, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

(2) Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

(3) Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

***Патокази***

**Член 20**

(1) Патоказите се поставуваат со цел да се олесни ориентирањето и движењето на лицата со посебни потреби, пешаците, посетителите и сл.

(2) Патоказите се поставуваат / инсталираат на места лесно видливи за потенцијалните корисници, во близина на велоспипедските, пешачките патеки, пешачките премини и во близина или во склоп на паркинг области и сл., при што мора да се внимава да не го попречуваат слободното движење ниту видливоста во сообраќајот, ниту да се поставуваат директно пред влез/излез од некој објект.

(3) Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на патокази на Општината.

***Летни дискотеки***

**Член 21**

(1) Летните дискотеки треба да се предвидуваат со димензии во зависност од расположивата неизградена градежна површина, при што неопходно е да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, особено по однос на минималните димензии на пешачки површини-тротоари, заради непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, како и од лицата со посебни потреби.

(2) Летните дискотеки не смеат да бидат целосно затворен и покриен простор, а може да бидат оградени со транспарентна ограда (платно, челично плетиво, трска и др.) на монтажно-демонтажна конструкција и делумно покриени. Можат да содржат платформа-бина, монтжано-демонтажна опрема за опслужување на посетителите (покриени и непокриени шанкови, санитарни јазли).

***Продажба на билети, весници, сувенири, ивеќе и сладолед***

**Член 22**

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0м$^2$, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м$^2$.

***Телефонски говорници***

**Член 23**

(1) Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на зид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

(2) Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите од став 1 на овој член изнесува 1,5м x 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

***Монтажно-демонтажни типски објекти***

## Член 24

(1) Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0 $м^2$, кои можат да се поставаат на одредени места. Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготовка на храна).

(2) Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно - промотивни или деловно - информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

(3) Обликовни услови

- Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на времени објекти и урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 70см.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

(4) Сообраќајни услови

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. до 2,5 м, а од раскрсница мин. 8,0 м. од почетокот на радиусот за десно свртување.

(5) Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација, (мијалник- тоалет).
- Подната, зидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

### *Автобуски постојки*

## Член 25

(1) Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а

димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0м$^2$ до 16,0м$^2$ и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

(2) Во зависност од фрекфенцијата на сообраќајот има четри типа на автобуски стојалишта и тоа:

**а) Тип** А-само автобуска постојка, во рамките на овој тип има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
**б)Тип Б** - автобуска постојка со билетара, во рамките на овој тип има билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
**в) Тип В** - автобуска постојка со киоск, во рамките на овој тип има киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
**г) Тип Г** - автобуска постојка со билетара и киоск, во рамките на овој тип има билетара, киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

(3) Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде ќе бидат поставени, се одредува согласно програмата за урбана опремаусвоена од страна на советот на Општината.

(4) При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 0,8 м.

## *Објекти за обезбедување*

**Член 26**

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 4,0м$^2$.
За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

## *Јавни санитарни јазли*

**Член 27**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти.

Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини.Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

## *Тераси, шанкови и настрешници*

**Член 28**

(1) Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на

непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

(2) Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува скаладирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

**Член 29**

(1) На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

(2) Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси, столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

(3) Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кеј и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат.Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

(4) Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

**Член 30**

(1) Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

**Член 31**

Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

**Член 32**

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настршници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

**Член 33**

Чадорите се со минималната слободна височина од 2,4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткриваат само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

**Член 34**

(1) Тендите се типски - монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

(2) При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси Минималната слободна височина изнесува 3,2м.

(3) Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

(4) Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

**Член 35**

(1) Настрешница е лесен монтажно - демонтажна елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

(2) При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3,2м.

(3) Доколку се поставува настрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

(4) Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или билокаков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

**Член 36**

(1) Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата, да имаат висина поголема од 0,8м и дополнителна проѕирна преграда со висина поголема од 1,0 м или вкупно 1,8 м сметано од котата на подот.

(2) Оградите и жардињерите треба да биде изведена од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

(3) Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

## *Покриени и отворени шанкови*

**Член 37**

(1) Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини.

(2) Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

(3) Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

### *Самостоечки рекламни паноа*

**Член 38**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.169/15 и 226/15), на локации кои се предвидени во Програмата за поставување на урбана опремадонесена одСоветот на Општината.

### *Опрема за забава на деца и детски игралишта*

**Член 39**

(1) Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење од 30 до 90 дена.

(2) Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

### *Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци*

**Член 40**

(1) Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.Клупите и корпите заотпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуават на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

(2) Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х 1,2м за луѓето со хендикеп.

(3) Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

### *Жардињери, граничници*

**Член 41**

(1) Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

(2) Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

(3) Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0,80 м.

(4) Над дозволената максимална висина на граничниците и жардинњерите од 0,80 м дозволено е поставување на проsирна преграда со максимална висина од 1,00 м, или вкупно 1,80 м сметано од котата на подот.

***<u>Паркиралишта за велосипеди</u>***

**Член42**

Типот и локациите на паркиралиштаза велосипеди се определуваат со Елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на општината.

***<u>Тезги</u>***

**Член 43**

(1) Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

(2) Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

(3) Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 м2, и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

(4) Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

***<u>Елементи за изложување на производи</u>***

**Член 44**

(1) Елементи за изложување на производи се витрини, полици за производи, фрижидери.

(2) Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

(3) Елементи за изложување на производи се поставува покрај зидот на локалот.

(4) Над елементите за изложување на производи може да се поствуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

(5) Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застакленување и слично)

(6) Минималната ширина на јавната површина (тротоарот) на која може да се поставaт витрини, полици за производи и фрижидери, потребно е да изнесува од 2м и 3м во централното градско подрачје (ул. Илинденска).

(7) При поставување на витрини, полици за производи и фрижидери, на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,4м, а во цетралното градско подрачје (ул. Илинденска) 2,4м.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 45**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престануваат да важи Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци бр.07-6062/12 од 27.12.2010 година (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.28/2010).

**Член 46**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-2384/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.05.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за примање на донација-Основни Проекти со техничка документација од КОНТИ ХИДРО ПЛАСТ и предавање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање на донација-Основни Проекти со техничка документација од КОНТИ ХИДРО ПЛАСТ и предавање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 4-11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница што одржана на ден 13.05.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за примање на донација на материјално добро – Основни Проекти со техничка документација од Конти Хидропласт ДООЕЛ Гевгелија и давање на трајно користење без надомест на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација на материјално добро Основни Проекти со техничка документација од Конти Хидропласт ДООЕЛ Гевгелија и тоа:

1. Основен Проект со тех.бр.052/2018 –К и Ревидентски Извештај со тех.бр.056/2018, за реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за ул„Цветан Димов„ „ Никола Минчев„ бул„ Моша Пијаде„, „Македонија„ дел од „Западен Булевар„ -Општина Кавадарци;

2. Основен Проект со тех.бр.109/2018-К и Ревидентски Извештај со тех.бр.063/2018, за реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација во населба „Страшо Пинџур„ -Општина Кавадарци;

3. Основен Проект со тех.бр.116/2018 и Ревидентски Извештај со тех.бр.116/2018-В, за реконструкција на водоводна линија на ул„Крсте Мисирков„ Општина Кавадарци;

4. Основен Проект со тех.бр.084/2018 –К и Ревидентски Извештај со тех.бр.059/2018, за реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од ул„Ќиро Крстев„ Општина Кавадарци;

5. Основен Проект со тех.бр.040/2018 –К и Ревидентски Извештај со тех.бр.055/2018, за реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од „Западен Булевар„ Општина Кавадарци;

6. Основен Проект со тех.бр.085/2018 –К и Ревидентски Извештај со тех.бр.062/2018, за реконструкција на фекална канализациона линија на ул„Праведничка„ Општина Кавадарци;

7. Основен Проект со тех.бр.001/2019 и Ревидентски Извештај со тех.бр.066/2019, за реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за ул„Диме Атанасов„ Општина Кавадарци;

8. Основен Проект со тех.бр.083/2018 –К и Ревидентски Извештај со тех.бр.058/2018, за реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од ул„Пионерска„ Општина Кавадарци;

9. Основен Проект со тех.бр.107/2019-В и Ревидентски Извештај со тех.бр.065/2018, за реконструкција на водоводна линија на ул„Перо Видев, Ваташа, Општина Кавадарци;

10. Основен Проект со тех.бр.041/2018 –К и Ревидентски Извештај со тех.бр.057/2018, за реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од ул„Шишка„ Општина Кавадарци,

заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од областа на урбанистичко планирање и комунални дејности-снабдување со вода за пиење, одведување и прочистување на отпадните води, одведување и третман на атмосферските води, согласно 22 став 1 алинеа 1 и алинеа 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр. 5/02).

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 2.386.216,00 денари со ДДВ.

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски од член 1 на оваа одлука, Конти Хидропласт ДООЕЛ Гевгелија и Општина Кавадарци ќе склучат договор за донација.

**Член 3**

Основните Проекти со техничка документација од член 1 на оваа одлука, Општина Кавадарци ги дава на трајно користење без надомест на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за што ке склучат посебен договор.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2384/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.05.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за престанување на важење на Одлуките за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП„Јасмин„ Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за престанување на важење на Одлуките за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП„Јасмин„ Кавадарци,

донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-2588/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанување на важење на Одлуките за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци**

Член 1

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„Кавадарци бр.07-5915/24 од 24.12.2013 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„.бр.10/2013), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци бр.07-2695/10 од 17.06.2014 година, („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.19/14), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци бр.07-5805/36 од 22.12.2014 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„.бр.26/14), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци бр.08-3411/17 од 08.07.2016 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„.бр.47/16).

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2384/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.05.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709**
**КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци**
**по пат на електронско јавно наддавање**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2588/22** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата што одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709**

**КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се дадат во закуп недвижните ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2, запишани во Имотен лист број 15775, издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-7792/2019 од 10.05.2019 година, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18) и тоа:

- Зграда број 1, намена - деловна зграда, влез 1, приземје, со внатрешна корисна површина од 73 м2 ул. "Вишешница бб" ;
- Зграда број 2, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатрешна корисна површина од 96 м2 ул. "Вишешница бб" ;
- Зграда број 3, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатершна корисна површина од 4 м2 ул. "Вишешница бб" ;
- Зграда број 4, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатершна корисна површина од 116 м2 ул. "Вишешница бб" ;
- Објект број 5, намена - Д3-2 ( базен за пливање ), влез 1, приземје, со волумен од 3541 м3 ул. "Вишешница бб" ;
- Објект број 6, намена - Д3-2 ( базен за пливање ), влез 1, приземје, со волумен од 158 м3 ул. "Вишешница бб" ;

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за процена бр.0302-24/1 од 13.05.2019 година изработен од Друштво за вештачење, супервештачење и изработка на процени ДППСУ "ЗИМАБО" Зоран ДООЕЛ Битола и наш деловоден бр.10-2543/1 од 13.05.2019 година и истата е во износ од 14.032.209,00 денари.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина за недвижните ствари од член 1 од оваа одлука изнесува 70.161,00 денари, а износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 280.644,00 денари.

**Член 4**

Објавата за издавање во закуп на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарка општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко –планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;

- почетната цена за движната ствар која е предмет на закуп;

- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;

- време на започнување на јавното наддавање;

- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;

- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;

-банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;

- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;

- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и

- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 5**

Недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука се даваат во закуп за период од 3 месеци.

**Член 6**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 7**

Закупецот на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука истите не може да ги даде во подзакуп.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2384/22**
**13.05.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за примање на донација-материјални добра изразени како изведување и реконструкција на фонатани**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање на донација-материјални добра изразени како изведување и реконструкција на фонатани, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2588/23** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен Гласник на Општина Кавадаци„ бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 13.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање донација – материјални добра изразени како изведување и реконструкција на фонтани (Кодинг-Горска)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација материјални добра изразени како изведување и реконструкција на фонтани, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, промет и услуги КОДИНГ - ГОРСКА ДООЕЛ Скопје со цел уредување на просторот и урбанистичкото планирање како

и за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од областа на развојот на граѓанското општество согласно член 22 став 1 ал. 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 466.537,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-2384/23** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **13.05.2019 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за Јавно Приватно партнерство за реконструкција на комплексот Ла Луна со воведување на нови СПА содржини, угостителски дел, игротека и други содржини во форма на отворен-покриен објект**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за Јавно Приватно партнерство за реконструкција на комплексот Ла Луна со воведување на нови СПА содржини, угостителски дел, игротека и други содржини во форма на отворен-покриен објект, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2588/24** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02),а во врска со член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл.Весник на РМ„ бр.6/12...215/215), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана ден 13.05.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за започнување на постапка за доделување на договор за Јавно Приватно партнерство за реконструкција на комплексот Ла Луна со воведување на нови СПА содржини, угостителски дел, игротека и други содржини во форма на отворен-покриен објект

### Член 1

Заради зголемување на економскиот развој на општината, подобрување на условите за рекреација и одмор во Општина Кавадарци, се утврдува потребата од започнување на постапка за доделување на договор за Јавно Приватно партнерство за реконструкција на комплексот Ла Луна со воведување на нови СПА содржини, угостителски дел, игротека и други содржини во форма на отворен-покриен објект, врз основа на усвоена Физибилити студија за јавно приватно партнерство за реконструкција на комплексот „Ла Луна„ со воведување на нови СПА содржини со Одлука бр. 08-815/7 од 19.02.2019 година, донесена од Совет на Општина Кавадарци.

### Образложение за оправданоста

### Член 2

Поради слабата финансиска мок односно поседувањето минимални буџетски средства за капитални инвестиции, Општина Кавадарци не е во можност да го реализира овој проект, и затоа се предлага реализација на проектот со Јавно Приватно Партнерство, каде приватниот партнер ке се јави

во улога на финансиер на целата инвестиција, имплементатор и оператор, а општината само како контролор.

**Образложение за основот за идентификување за видот на договорот**

**Член 3**

Имајки го во предвид фактот дека комплементарни фази на проектот се: (1) изградба, што подразбира и целосно финансирање на деловниот објект за што е потребно да се добие право на изградба, што подразбира концесија на јавна работа, (2) управување што подразбира оперирање и (3) одржување на деловниот објект, што подразбира концесија на јавна работа, овој Договор за ЈПП ке биде Комбиниран Договор за ЈПП.

**Цели**

**Член 4**

Главна цел на постапката е успешна реализација на Проектот Реконструкција на комплексот Ла Луна со воведување на нови СПА содржини, угостителски дел, игротека и други содржини во форма на отворен-покриен објект.

Општа цел на ЈПП проектот е обезбедување на квалитетни услови во функција на подигање на квалитетот на туристичката понуда на градот.

**Предмет на Договорот за ЈПП**

**Член 5**

**Предмет на Договорот за ЈПП е :**

(1) изградба, што подразбира и целосно финансирање на деловниот објект, (2) управување што подразбира оперирање и (3) одржување на деловниот објект.

**Вредност на Договорот за јавно приватно партнерство**

**Член 6**

Вкупната проценета вредност на инвестицијата изнесува 60.868.806 денари без ДДВ, согласно усвоената физибилити студија врз основа на идејна програма.

**Вид на постапка од Законот за јавните набавки**
**Начин и рок за спроведување на постапката**

**Член 7**

За доделување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ке се примени Отворена постапка, која ке се заврши со електронска аукција, како последна фаза во постапката, согласно Законот за јавни набавки.

Постапката од став 1 на овој член ке се спроведе во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 8**

**Висина на надоместок за издавање на тендерска документација**

За издавањето на тендерската документација не се наплака паричен надоместок.

**Член 9**

Општина Кавадарци се обврзува да донесе урбанистичко планска документација за градежната парцела но не покасно од 5 (пет) години.

Општина Кавадарци ке го издаде просторот како јавно прометна површина, по донесувањето на урбанистичко планска документација за градежната парцела.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2384/24**
**13.05.2019 година**
**Кавадарци**

**Совет на Општина Кавадарци**
**Претседател**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција на Градски базен и уредување**
**со реквизити за спорт и рекреација на вода**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција на Градски базен и уредување со реквизити за спорт и рекреација на вода, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.05.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2588/25** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.05.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02),а во врска со член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл.Весник на РМ„ бр.6/12...215/215), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана ден 13.05.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција на Градски базен и уредување со реквизити за спорт и рекреација на вода

### Член 1

Преку инвестиција со реконструкција и модернизација на Градски базен со воведување на нови забавни содржини, се утврдува потребата од започнување на постапка за доделување на договор за Јавно Приватно партнерство за реконструкција на Градски базен и уредување со реквизити за спорт и рекреација на вода, врз основа на усвоена Физибилити студија за јавно приватно партнерство за реконструкција на Градски базен и уредување со реквизити за спорт и рекреација на вода со Одлука бр. 08-815/78 од 19.02.2019 година, донесена од Совет на Општина Кавадарци.

### Образложение за оправданоста
### Член 2

Поради слабата финансиска мок односно поседувањето минимални буџетски средства за капитални инвестиции, Општина Кавадарци не е во можност да го реализира овој проект, и затоа се предлага реализација на

проектот со јавно приватно партнерство каде приватниот партнер ќе превземе обврска да го реконструира, модернизира, разработи и одржува комплекс од јавна инфраструктура, како и истите да ги користи, управува и одржува.

**Образложение за основот за идентификување за видот на договорот**

**Член 3**

Заради модернизација, разработување и одржување на Градски базен како и поефикасно обезбедување на услугите и целите за кои е предвидена намената на комплексот, предмет на ЈПП е Договор за концесија за јавна работа и за јавна услуга.

**Цели**

**Член 4**

Главна цел е успешна реализација на Проектот реконструкција на Градски базен и уредување со реквизити за спорт и рекреација на вода.

Со модернизирање на Градскиот базен и воведување на голем број реквизити за спорт и рекреација на вода, се очекува да се зголеми заинтересираноста за посета на базенот не само од жителите на Општина Кавадарци, туку и дека ќе се привлечат туристи од поширокиот регион

Општата цел на ЈПП проектот е обезбедување на квалитетни услови во функција на подигање на квалитетот на туристичката понуда.

**Предмет на Договорот за концесија**

**Член 5**

**Предмет на Договорот за концесија е :**

-реконструкција и модернизација на Градски базен и воведување на голем број реквизити за спорт и рекреација на вода.

**Вредност на Договорот за јавно приватно партнерство**

**Член 6**

Вкупната проценета вредност на инвестицијата изнесува 38.872.340 денари без ДДВ, согласно усвоената физибилити студија врз основа на идејна програма.

**Член 7**

**Вид на постапка од Законот за јавните набавки**

**Начин и рок за спроведување на постапката**

За доделување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ке се примени Отворена постапка, која ке се заврши со електронска аукција, како последна фаза во постапката, согласно Законот за јавни набавки.

Постапката од став 1 на овој член ке се спроведе во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Висина на надоместок за издавање на тендерска документација**

**Член 8**

За издавањето на тендерската документација не се наплака паричен надоместок.

**Член 9**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2384/25**
**13.05.2019 година**
**Кавадарци**

**Совет на Општина Кавадарци**
**Претседател**
**Ристо Сакалиев**